


ДНЕВНИК ЕЛЕКТРОНСКО ИЗДАНИЕ



ВО ФОКУСОТ
АКТУЕЛНО
РЕГИОНИ
ЕКОНОМИЈА
ОТВОРЕНА
СВЕТ
ХРОНИКА
МЕТРОПОЛА
КУЛТУРА
СПОРТ
ОМНИБУС
СЦЕНА
ПУБЛИКА
АРХИВА
ПРЕТХОДНИ

КУЛТУРА

13
Ми се допаѓа

*Датум: 12.11.2012, 16:42*

**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА ГО СООПШТИ ПРОЕКТОТ ЗА ГОЛЕМАТА ИЗЛОЖБА ВО ИТАЛИЈА**

# Со кокошкина кожа одиме во Венеција



Проектот „Кожата е идентитет и површина за проекција, репрезентација на душата" на нашата уметница Елпида Хаџи-Василева ќе ја претставува Македонија на 55. Биенале на ликовната уметност, кое в година од јуни до ноември ќе се одржи во Венеција. Уметницата, која 20 години живее и работи во Англија, за три недели ќе пристигне во земјава и ќе ги почне интензивните подготовки за големата изложба. Логистика ќе ~ обезбеди куратор Ана Франговска и Националната галерија на Македонија, институција што го пријави нејзиниот проект во Министерството за култура. Дотогаш тимот од галеријата ќе ги заврши неопходните административни обврски.

Во конкуренција за македонски претставник на престижната манифестација биле шест проекти, соопшти вчера Министерството за култура. Освен проектот на Хаџи-Василева, Националната галерија го пријавила и „Транзициски сеќавања" на кураторот Златко Теодосиевски. Музејот на современата уметност од Скопје конкурирал со „Еднасловени приказни" на уметникот Велимир Жерновски и кураторот Мира Гаќина, а прилепскиот Центар за култура „Марко Цепенков" со „Кој е публика" на авторката Тања Балаќ и кураторот Александар Вебер. Два независни проекта биле во игра - „Граница" на Зоран Попоски и кураторот Нада Пешева и „Александар и Александар" на Нада Прља.

Проектите ги разгледуваше комисијата составена од историчарите на уметноста Владимир Величковски (претседател) и Конча Пиркоска и скулпторот Жарко Башески, еден од двајцата претставници на минатогодишното Венециско биенале.

Жирито едногласно одлучило

- Донесовме едногласно решение, иако имаше многу „живи" расправи и дискусии. Се разбира, секој има различни гледања и мислења. Методот на работа е вообичаен - работиме врз основа на пристигнати проекти. Но, сите ние активно ја следиме работата на авторите и го знаеме нивниот континуитет. Од практично искуство има нешта што во иднина треба да се подобрат. Како најсуштествен проблем го издвоивме недостатокот од постојан изложбен простор во Венеција - рече Величковски.

Министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска го нарече Венецискиот биенале европска олимпијада на уметноста.

- Тоа е една од најпрестижните светски манифестации, каде што уметниците ги афирмираат културата и уметноста на својата земја. Сигурна сум дека Елпида Хаџи-Василева успешно ќе се вклопи на изложбата и ќе ја претстави Македонија на највисоко ниво. Буџетот за претставувањето ќе го знаеме во почетокот на идната година, но на оваа манифестација не треба да се штеди. Проектот треба да биде успешен. Ако комисијата одлучеше да избере два проекта, целосно ќе ги поддржевме и двата - рече таа.

На прашањето дали дотогаш Македонија ќе купи изложбен павилјон/галерија во Венеција, иницијатива што е дел од Националната стратегија за култура во наредните пет години, Канческа-Милевска одговори:

- Прво Собранието треба да ја прифати стратегијата. Оваа идеја ја ставивме во документот бидејќи многумина сметаат дека е неопходно. Добро е Македонија да има свој постојан простор во Венеција. Така ќе се решат многу проблеми и ќе им помогнеме на уметниците.

Кожата е идентитет

„Кожата е идентитет и површина за проекција, репрезентација на душата" е специфична просторно-мултимедијална инсталација и во основа одговара на зададената тема на биеналето, „Енциклопедиска палата".

- Освен специфични материјали, уметницата често користи и природни материјали - кожа, ципи од кокошка. Кожата е метафора за кршливоста на телото - вели Франговска.

Инсталацијата ќе биде составена од два дела. Првиот е проекција на мапи, на кои е претставено ширењето на чумата по легендарниот пат на свилата од 1346 до 1353 година. Проекцијата ќе биде на подот во галеријата. Ќе биде направена и скулптура-објект од импрегнирана кожа.

- Финалниот производ ќе зависи од изложбениот простор. Со авторката веќе имаме предвид неколку локации. Таа доаѓа во почетокот на декември, кога ќе почнеме интензивно да работиме - рече Франговска.

Елпида Хаџи-Василева е родена во Кавадарци, во 1971 година. 20 години живее и работи во Брајтон, Велика Британија. Дипломирала на Школата за уметност во Глазгов, а магистрирала на Кралскиот уметнички колеџ во Лондон во 1998 година. Учествувала на многу изложби и семинари и добила многу награди. Во 2005 година учествувала на 51. Венециско биенале.

**Весна И. Илиевска**